Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Четириесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 9 февруари 2021 година

Скопје, февруари 2021 година

# З А П И С Н И К
## од Четириесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 9 февруари 2021 година

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 12:45 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев.

На седницата учествуваа Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, м-р Никола Димитров заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и членовите на Владата м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, Мила Царовска, министер за образование и наука, д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, д-р Ирена Стефоска, министер за култура и д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата учествува и м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи и Зоран Маневски, заменик на министерот за економија.

На седницата учествуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Душко Арсовски, портпарол на Владата на Република Северна Македонија и д-р Драги Рашковски, од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, м-р Крешник Бектеши, министер за економија и м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа.

*

*         *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

ДНЕВЕН РЕД

- **Усвојување на Записникот од 40-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 19 јануари 2021 година**

- **Усвојување на Записникот од 42-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 27 јануари 2021 година**

- **Усвојување на Записникот од 43-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 2 февруари 2021 година**

ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:

- Користење и имплементација на фондовите од Европската Унија

1. Записник од Дваесет и третиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус КОВИД-19, одржан на 8 февруари 2021 година

2. Информација во врска со барање за ослободување од камата на Друштвото за спортски дејности Фудбалски клуб Вардар АД Скопје бр.03-573/1 од 21.1.2021 година, со Предлог – одлука

3. Информација за давање на донација од финансиските средства на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје обезбедени по пат на продажба на деловен простор во државна сопственост

4. Информација за одобрување на финансиски средства за Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје обезбедени по пат на продажба на деловен простор во државна сопственост, со Предлог-одлука

5. Информација за давање согласност на Програмата за измена и дополна на Програмата за работа и развоен план на Друштвото, Годишен оперативен план за работа бр.02-3651/5 од 6.12.2019 година на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост за 2020/2021 година, бр.02-3260/3 од 28.12.2020 година, со Предлог-одлука

6. Информација за финансиската состојба на Трговското друштво „Нафтовод" ДООЕЛ Скопје со барање за финансиски средства за 2021 година, со предлог-одлуки и Изјава

7. Информација со барање за преземање итни мерки за обезбедување еднократна неповратна финансиска подршка за исплата на две плати на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми "Национални шуми" п.о. - Скопје

8. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за водоснабдување „ Студенчица" Кичево за 2021 година

9. Предлог-одлука за избор на овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка и финансиските извештаи за 2020 година на Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија" во државна сопственост-Скопје

10. Информација за давање согласност на Правилникот за формата и содржината на барањето, начинот и постапката за издавање на одобрение, нејзиното времетраење, потребната документација и висината на трошоците во постапката за издавање одобрение за ставање во промет на производот од групата на храна и состојки на храна произведени со иновирани технологии по барање на странката, со Предлог-одлука

11. Информација во врска со Анекс Б од Договорот за воспоставување и управување на Регионалниот портал на деловни регистри на Југоисточна Европа

12. Барање за пренесување на недвижности без надоместок во сопственост на Општина Аеродром, со Предлог-одлука

13. Информација во врска со реализација на Проектот за колекторски систем од Радожда до Калишта-Струга

14. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (ДП 03-163/20)

15. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за инвестициски фондови

16. Извештај за завршени преговори за склучување на Договор меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Обединетите Арапски Емирати за поттикнување и заемна заштита на инвестиции, со усогласен текст на Договорот

17. Информација во врска со потребата за поднесување на апликации за проектите од областа на енергетската ефикасност за престојниот повик на WBIF

18. Информација во врска со Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина и Тендерска документација за спроведување на постапката за локалитетот „Бела Вода и Чаршија“ Општина Ѓорче Петров

19. Информација за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштво за производство, трговија и услуги Делива ДООЕЛ с. Мојанци Кочани, со Предлог-одлука

20. Информација за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Комисија за управување со отпад од пакување, со Предлог-одлука

21. Предлог-програма за намалување на аерозагадувањето за 2021 година

22. Предлог-одлука за формирање на Совет за развој на пазарот на капитал

23. Предлог-одлука за определување на висината на трошоците за регистрација на економски оператори за пласирање на пазар на фитофармацевтски производи

24. Предлог-решение за изменување на Решението за формирање на Комисија за спроведување на постапката за доделување на договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство за финансирање, проектирање, изградба, управување, одржување и развивање на дистрибутивниот систем на природен гас во Република Северна Македонија

25. Предлог-лиценца за приредување на игри на среќа во автомат клуб на Друштвото за производство, трговија и услуги "Кинг-Слот" ДООЕЛ Виница во автомат клубот кој се наоѓа на ул.„Скопска“ бр.7/5, Кочани

26. Информација за потребата од утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија, со Предлог-одлука

27. Информација со Акционен план за периодот 1 јануари – 31 декември 2021 година, за прием на барања и издавање на пасоши преку дипломатските и конзуларните претставништва на Република Северна Македонија во Мелбурн, Канбера, Чикаго, Њујорк, Детроит, Торонто, Берлин (вклучително и Конзуларното одделение во Бон), Минхен, Стокхолм, Копенхаген, Хаг, Брисел, Лондон, Париз, Берн, Рим, Венеција, Виена, Љубљана

28. Предлог-одлука за воведување на рестриктивна мерка согласно Одлуката (ЗНБП) 2020/1586 на Советот од 29 октомври 2020 година за изменување на Одлуката 2010/573/ЗНБП за рестриктивни мерки против водството на Транснистрискиот регион во Република Молдавија

29. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерството за внатрешни работи

30. Информација за укинување на Решението за давање на одобрение за одгледување на коноп за медицински цели на Друштво за производство, трговија и услуги 5 ЛЕТЕРС ДОО Ресен, со Предлог-одлука

31. Предлог-одлука за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија

32. Предлог-решение за изменување на Решението за назначување на претседател, членови и заменици членови на Националното координативно тело за заштита на децата од злоупотреба и занемарување

33. Предлог-решение за назначување на претседавач, членови и заменици членови на Националното координативно тело за имплементација на Конвенцијата на Обединетите нации за правата на лицата со попреченост во Република Северна Македонија

34. Информација во врска со номинирање на Национална контакт точка и задачи и активности кои треба да се преземат за имплементација на Регионалната иницијатива за Интеграција на Роми 2020

35. Предлог на закон за дополнување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

36. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за личната карта, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

37. Извештај за работата на Регулаторната комисија за домување за период од 1 јули до 31 декември 2020 година

38. Решение на Уставен суд на Република Северна Македонија У.бр.123/2019 од 14 октомври 2020 година за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 62-а став 5 алинеја 4 од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/2008, 53/2011, 123/2012, 70/2013, 164/2013, 138/2014, 192/2015, 39/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/2019)

39. Понуда од нотар Елизабета Стојаноска од Прилеп за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.15528 за КО Прилеп, на КП бр.12520,ул Маршал Тито бр.1

40. Понуда од нотар Олга Димовска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.12602 за КО Нерези-вонград за КП бр.3193 на м.в.Бабин Дол, ЗЗ, ЛЗ, класа 6 во површина од 1515 м2

41. Понуда од нотар Ана Јолакоска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.2566 за КО Јурумлери на КП бр.153/9 со површина од 61 м2, КП бр.153/9 со површина од 32 м2 и КП бр.153/9 со површина од 238 м2

42. Понуда од нотар Ана Јолакоска од Скопје за продажба на идеален дел од недвижен имот со Имотен лист бр.2567 за КО Јурумлери на КП бр.153/10 со површина од 268м2, КП бр.153/10 со површина од 85 м2 и КП бр.153/10 со површина од 20м2

43. Понуда од нотар Ана Јолакоска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.2570 за КО Јурумлери на КП бр.153/14 со површина од 116 м2, КП бр.153/14 со површина од 31 м2 и КП бр.153/14 со површина од 293 м2

44. Понуда од нотар Ана Јолакоска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.2569 за КО Јурумлери на КП бр.153/13 со површина од 267 м2, КП бр.153/13 со површина од 101 м2 и КП бр.153/13 со површина од 39 м2

45. Понуда од нотар Пане Нацев од Кавадарци за продажба на недвижен имот евидентиран во Имотен лист бр. 4822, идеален дел од КП бр. 5076, КО Кавадарци Вонград

46. Понуда од нотар Сашо Клисароски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен Лист бр.48265 за КО Бардовци на КП бр.2018 место/улица Долни Шамак

47. Известување од извршител Снежана Андреевска од Скопје, за Налог за извршување врз недвижност, доставен под И.бр.19/20 од 14.1.2020 година

48. Кадровски прашања

49. Прашања и предлози

50. Извештај за работата на ЈП ХС Злетовица-Пробиштип за периодот од 1 октомври 2020 година до 31 декември 2020 година

51. Програма за работа за период јануари – декември 2021 година на АД „Пошта на Северна Македонија“ – Скопје и Програма за инвестициони вложувања на АД „Пошта на Северна Македонија“ - Скопје во 2021 година, со дополнување

52. Известување на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД - Скопје за искористени нафта и нафтени деривати отстапени од Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати за ноември 2020 година

53. Информација за вкупниот одземен (конфискуван) имот, имотна корист и одземени предмети со кој управува Агенцијата за управување со одземен имот за периодот од 1 јули 2020 година до 31 декември 2020 година

54. Извештај за тековниот статус на активностите на Агенцијата за квалитет и акредитација на здравствените установи и тековен статус на процесот на акредитација на здравствените установи во Република Северна Македонија за јули-декември 2020 година

55. Извештај за дејноста на Институтот за духовно и културно наследство на Албанците - Скопје за 2020 година

56. Програма за работа на Државниот испитен центар за 2021 година и Финансиски план за реализација на активностите во Програмата за работа на Државниот испитен центар за 2021 година

57. Информација за учеството на Република Северна Македонија во НАТО операцијата „КФОР" во Република Косово

58. Информација за примена на Законот за правда за децата во постапувањето на овластените службени лица на Министерството за внатрешни работи во периодот од 1 јануари 2020 година до 30 јуни 2020 година

59. Информација за повеќегодишно плаќање на јавна набавка на работи, за замена на времените објекти од амбулантско-поликлиничка дејност на Здравствен дом Скопје.

60. Информација за потребата за обезбедување на простор на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација

61. Предлог-одлука за доделување на средства на ЈУ Ученички дом на град Скопје „Здравко Цветковски“ Скопје

62. Предлог-одлука за доделување на средства на Општински ученички дом „Боро Менков“ Крива Паланка

63. Предлог-одлука за доделување на средства на Ученичкиот дом при СМУГС „Д-р Панче Караѓозов“ Скопје

64. Предлог-одлука за доделување на средства на Ученичкиот дом „Браќа Миладиновци“ Струга

65. Предлог-одлука за доделување на средства на Ученичкиот дом при СОУ „Кочо Рацин“ Свети Николе

66. Предлог-одлука за доделување на средства на Ученичкиот дом при ДУЦОР „Партенија Зографски“ Скопје

67. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Пелагонија“ Скопје

68. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Томе Стефановски Сениќ“ Скопје

69. Информација за правосилност на пресуда на Европскиот суд за човекови права во случајот Јаневски против Северна Македонија А.бр. 30259/15, со Предлог-одлука

70. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Никола Карев“ Охрид

71. Предлог-одлука за доделување на средства на Ученичкиот дом при СОУ „Митко Пенџуклиски“ Кратово

72. Предлог-одлука за доделување на средства на Ученичкиот дом при ДУРДМОВ „Димитар Влахов“ Скопје

73. Предлог-одлука за доделување на средства на ЈУ Општински ученички дом „Професор Мијалковиќ“ Куманово

74. Предлог-одлука за доделување на средства на Општинскиот ученички дом „Бранко Станоевиќ“ Гостивар

75. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Скопје“ Скопје

76. Информација за вкупните неисплатени обврски за одобрени проекти по Годишниот конкурс за финансирање на проекти од национален интерес во културата за 2020 година

77. Предлог-одлука за доделување на средства на Ученичкиот дом при СОУУД „Димитар Влахов" Струмица

78. Предлог-одлука за доделување на средства на Општинскиот ученички дом „Лазар Лазаревски“ Велес

79. Информација за можностите и условите за спогодбено решавање на предмет пред Европскиот суд за човекови права Радика превози ДОО Љубљана против Република Северна Македонија, А.бр.52003/18

80. Предлог-одлука за доделување на средства на Ученичкиот дом при СОУ „Св.Наум Охридски“ Македонски Брод

81. Информација во врска со склучување на Меморандум за разбирање меѓу Владата на Република Србија, Советот на министри на Република Албанија и Владата на Република Северна Македонија за соработка за подобрување на увозот и транзитот на стоки и Договор за соработка за заштита и спасување од катастрофи во Западен Балкан, со текст на Меморандум и текст на Договор

82. Предлог-одлука за доделување на средства на Ученичкиот дом при ДСУОР „Искра“ Штип

83. Информација за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Северна Македонија, заради подготовка за изведување на вежбовна активност „Одлучен удар 21“, со Предлог-одлука

84. Информација за Националната програма „2021 година во чест на Блаже Конески“, со Национална програма

85. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот ученички дом „Мирка Гинова” Битола

86. Информација од Боречката федерација на Република Северна Македонија во врска со организирање на Европско првенство во борење за сениори до 23 години во олимписки дисциплини

87. Информација за Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за начинот на распределба, дистрибуција и ревизија на искористеноста на дозволите за меѓународен превоз на стока, со Предлог- уредба

88. Информација за спроведување на Меморандум за разбирање помеѓу Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за финансии и Мастеркард Европа АД (Mastercard Europe SA) за воспоставување услуга за дигитална идентификација во Република Северна Македонија

*

*        *

Владата без забелешки ги усвои Записникот од 40-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 19 јануари 2021 година, Записникот од 42-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 27 јануари 2021 година и Записникот од 43-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 2 февруари 2021 година.

*

*        *

ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:

- **Користење и имплементација на фондовите од Европската Унија**

Владата на предлог на м-р Никола Димитров, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, а во врска со искористувањето на средства од ИПА 2 заклучи:

- Се задолжуваат Министерството за транспорт и врски, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Јавното претпријатие за државни патишта, Јавното претпријатие Македонски железници - Инфраструктура и Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој итно да ги ревидираат плановите за вработување согласно потребите на ИПА структурите и да ги пополнат упразнетите места во своите структури до крајот на првиот квартал од 2021 година.

Согласно ова, се задолжува Министерството за финансии да даде согласност за вработувања согласно потребите на ИПА структурата во надлежните институции.

*

*        *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го разгледа и го усвои Записникот од Дваесет и третиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на коронавирус КОВИД-19, одржан на 8 февруари 2021 година.

**Точка 2**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со барање за ослободување од камата на Друштвото за спортски дејности Фудбалски клуб Вардар АД Скопје бр.03-573/1 од 21.1.2021 година, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на членовите на Одборот на директори на АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје, во врска со донесената Одлука за отпис на камата на должникот Друштво за спортски дејности фудбалски клуб Вардар АД Скопје по барање за ослободување од камата бр.03-573/1 од 21.1.2021 година, во предложениот текст.

**Точка 3**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за давање на донација од финансиските средства на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост - Скопје обезбедени по пат на продажба на деловен простор во државна сопственост, за наредната седница на Владата.

**Точка 4**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Информацијата за одобрување на финансиски средства за Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје обезбедени по пат на продажба на деловен простор во државна сопственост, со Предлог-одлука.

**Точка 5**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за давање согласност на Програмата за измена и дополна на Програмата за работа и развоен план на Друштвото, Годишен оперативен план за работа бр.02-3651/5 од 6.12.2019 година на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост–Скопје за 2020/2021 година, бр.02-3260/3 од 28.12.2020 година, со Предлог- одлука, за наредната седница на Владата.

**Точка 6**

Владата ја разгледа Информацијата за финансиската состојба на Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје со барање за финансиски средства за 2021 година, со предлог-одлуки и Изјава (нов текст) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за одобрување на средства за зголемување на основната главнина на Трговското друштво „Нафтовод” ДООЕЛ Скопје, во предложениот текст.

2. Ја донесе Одлуката за зголемување на основната главнина на Трговското друштво „Нафтовод” ДООЕЛ Скопје, во предложениот текст.

3. Даде Изјава за преземање на нов влог, во предложениот текст.

4. Ја донесе Одлуката за изменување на Изјавата за основање на Трговското друштво „Нафтовод” ДООЕЛ Скопје, во предложениот текст.

5. Ја даде Изјавата за основање на Трговското друштво „Нафтовод” ДООЕЛ Скопје.

**Точка 7**

Владата ја разгледа Информацијата со барање за преземање итни мерки за обезбедување еднократна неповратна финансиска поддршка за исплата на две плати на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми” п.о. – Скопје и притоа заклучи да не го прифати Барањето за преземање итни мерки за обезбедување еднократна неповратна финансиска поддршка за исплата на две плати на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми” п.о. – Скопје.

**Точка 8**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица“ Кичево за 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 9**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за избор на овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка и финансиските извештаи за 2020 година на Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост - Скопје, во предложениот текст.

Истовремено, да се има предвид Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 10**

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност на Правилникот за формата и содржината на барањето, начинот и постапката за издавање на одобрение, нејзиното времетраење, потребната документација и висината на трошоците во постапката за издавање одобрение за ставање во промет на производот од групата на храна и состојки на храна произведени со иновирани технологии по барање на странката, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Правилникот за формата и содржината на барањето, начинот и постапката за издавање на одобрение, нејзиното времетраење, потребната документација и висината на трошоците во постапката за издавање одобрение за ставање во промет на производот од групата на храна и состојки на храна произведени со иновирани технологии по барање на странката, во предложениот текст.

**Точка 11**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со Анекс Б од Договорот за воспоставување и управување на Регионалниот портал на деловни регистри на Југоисточна Европа, со текст на Анекс Б и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност на Анекс Б од Договорот за воспоставување и управување на Регионалниот портал на деловни регистри на Југоисточна Европа, даден во прилог на оваа информација.

2. Се укажува на претставникот на Република Северна Македонија, директорот на Централен регистар на Република Северна Македонија како носител на функцијата член на Управниот одбор на Регионалниот портал на деловни регистри на Југоисточна Европа позитивно да се произнесе и да гласа ”за” усвојување на Анексот Б од Договорот за воспоставување и управување на Регионалниот портал на деловни регистри на Југоисточна Европа на седницата што ќе се одржи за таа намена.

**Точка 12**

Владата по Барањето за пренесување на недвижности без надоместок во сопственост на Општина Аеродром, со Предлог-одлука, ја донесе Одлуката за пренесување во сопственост на недвижни ствари на Општина Аеродром, во предложениот текст.

Исто така, предлагачот да го има предвид Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 13**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со реализација на Проектот за колекторски систем од Радожда до Калишта-Струга, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за животна средина и просторно планирање во соработка со Министерството за финансии да изнајдат начин за обезбедување на средства (во висина од 18.000.000 денари) за колекторскиот систем и да го вклучат овој проект како приоритетен за 2021 – 2022 година.

**Точка 14**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности, во предложениот текст.

Истовремено, предлагачот да го има предвид Мислењето од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија .

**Точка 15**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за инвестициски фондови (*) и го утврди со следниве заклучоци:

1. Во Изјавата за усогласеност на прописот со законодавството на Европската Унија да се направи преформулација во точка 3.5, согласно укажувањето на Секретаријатот за европски прашања.

2. Предлагачот да го има предвид заклучокот од Четириесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 19 јануари 2021 година, со кој се задолжуваат сите министерства во иднина при доставување на предлозите на закони во Владина постапка да ја почитуваат унифицираната пишана форма, согласно Законот за употреба на јазиците.

3. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за инвестициски фондови(*) согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и д-р Димитар Ковачевски, заменик на министерот за финансии, а за повереници Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии и Ленче Тагасовска, раководител на сектор во Министерството за финансии.

Исто така, предлагачот да го има предвид Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија дека е потребно да биде изготвен и доставен план за реализација во системот за следење на програми (ППМС систем).

## Точка 16

Владата го разгледа Извештајот за завршени преговори за склучување на Договор меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Обединетите Арапски Емирати за поттикнување и заемна заштита на инвестиции, со усогласен текст на Договорот и го усвои Извештајот со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Обединетите Арапски Емирати за поттикнување и заемна заштита на инвестиции.

2. Се определува д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, во име на Владата на Република Северна Македонија да го потпише Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Обединетите Арапски Емирати за поттикнување и заемна заштита на инвестиции.

Исто така, потребно е предлагачот да го има предвид Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 17

Владата ја разгледа и усвои Информацијата во врска со потребата за поднесување на апликации за проектите од областа на енергетската ефикасност за престојниот повик на WBIF, со следните заклучоци:

1. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, во рок од 60 дена да спроведе централизирана јавна набавка за вршење на детална енергетска контрола и изготвување на Извештаи за енергетска контрола за институциите кои ги користат зградите од списокот кои не ги задоволуваат минималните барања за енергетски карактеристики на згради, односно се во лоша состојба, како и за зградите за кои е потребно реновирање, вклучувајќи ги и зградите на централно ниво на Министерството за одбрана и Министерството за внатрешни работи и Извештаите од енергетската контрола да ги достави до Министерството за економија.

2. Се задолжува Министерството за економија веднаш да поднесе барање до Европската банка за обнова и развој/Светска банка за водечка финансиска институција за поддршка на апликациите за Планот за реконструкција на згради кои ги користат лицата од јавниот сектор на државно ниво и за Стратегијата за реконструкција на згради за домување, јавни и комерцијални згради.

3. Се задолжува Министерството за економија веднаш да ја достави најавата за предметните апликации за Техничка помош за изготвување на физибилити студија за План за реконструкција на јавните згради од точка 1 од овие заклучоци на државно ниво, План за реконструкција и основни проекти за реконструкција на јавни згради на државно ниво и Техничка помош за изготвување на Стратегија за

реконструкција на згради до 2030 година до НИПАК/Секретаријатот за европски прашања.

4. Се задолжува Министерството за економија да ги подготви и да ги достави предметните апликации за Техничка помош за изготвување на физибилити студија за План за реконструкција на јавните згради на државно ниво од точка 1 од овие заклучоци, План за реконструкција и основни проекти за реконструкција на јавни згради на државно ниво и Техничка помош за изготвување на Стратегија за реконструкција на згради до 2030 година на мислење до Министерството за финансии, најдоцна до 20 февруари 2021 година.

5. Се задолжува Министерството за економија по добивање на позитивно мислење од Министерството за финансии да ги достави предметните апликации до НИПАК/Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 20 февруари 2021 година.

6. Се задолжува НИПАК/Секретаријатот за европски прашања да ги поднесе предметните апликации за Техничка помош за изготвување на физибилити студија за План за реконструкција на јавните згради од точка 1 од овие заклучоци на државно ниво, План за реконструкција и основни проекти за реконструкција на јавни згради на државно ниво и за Техничка помош за изготвување на Стратегија за реконструкција на згради до 2030 година, во рамките на 6-от отворен повик на Инструментот за инвестициска рамка за Западен Балкан (WBIF), најдоцна до 26 февруари 2021 година.

## Точка 18

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата во врска со Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина и Тендерска документација за спроведување на постапката за локалитетот „Бела Вода и Чаршија“ Општина Ѓорче Петров, за наредната седница на Владата.

## Точка 19

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштво за производство, трговија и услуги Делива ДООЕЛ с. Мојанци Кочани, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст .

Истовремено, предлагачот да го има предвид Мислењето од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија .

## Точка 20

Владата ја разгледа и ја усвои Информацијата за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Комисија за управување со отпад од пакување и го донесе најновиот текст на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Комисија за управување со отпад од пакување, во предложениот текст.

## Точка 21

Владата го донесе новиот текст на Програмата за намалување на аерозагадувањето за 2021 година, во предложениот текст.

Истовремено, да се има предвид Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 22

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за формирање на Совет за развој на пазарот на капитал, во предложениот текст.

Истовремено, предлагачот да ги има предвид укажувањата во Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 23

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за определување на висината на трошоците за регистрација на економски оператори за пласирање на пазар на фитофармацевтски производи, во предложениот текст.

## Точка 24

Владата го донесе Решението за изменување на Решението за формирање на Комисија за спроведување на постапката за доделување на договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство за финансирање, проектирање, изградба, управување, одржување и развивање на дистрибутивниот систем на природен гас во Република Северна Македонија (нов текст), во предложениот текст.

Исто така, да се има предвид Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија со укажување дека е потребно да биде изготвен и доставен план за реализација во системот за следење на програми (ППМС систем).

## Точка 25

Владата ја издаде Лиценцата за приредување на игри на среќа во автомат клуб на Друштвото за производство, трговија и услуги „Кинг-Слот“ ДООЕЛ Виница во автомат клубот кој се наоѓа на ул.„Скопска“ бр.7/5, Кочани, во предложениот текст.

## Точка 26

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

Исто така предлагачот да го има предвид Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 27

Владата ја разгледа Информацијата со Акционен план за периодот 1 јануари – 31 декември 2021 година, за прием на барања и издавање на пасоши преку дипломатско – конзуларните претставништва на Република Северна Македонија во Мелбурн, Канбера, Чикаго, Њујорк, Детроит, Торонто, Берлин, (вклучително и Конзуларното одделение во Бон), Минхен, Стокхолм, Копенхаген, Хаг, Брисел, Лондон, Париз, Берн, Рим, Венеција, Виена, Љубљана и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Го прифати Акциониот план за периодот 1 јануари – 31 декември 2021 година, за прием на барања и издавање на пасоши преку дипломатско – конзуларните претставништва на Република Северна Македонија во Мелбурн, Канбера, Чикаго, Њујорк, Детроит, Торонто, Берлин, (вклучително и Конзуларното одделение во Бон), Минхен, Стокхолм, Копенхаген, Хаг, Брисел, Лондон, Париз, Берн, Рим, Венеција, Виена, Љубљана.

2. Се задолжува Министерството за надворешни работи во соработка со Министерството за внатрешни работи да го спроведе Акциониот план за периодот 1 јануари – 31 декември 2021 година, за прием на барања и издавање на пасоши преку дипломатско – конзуларните претставништва на Република Северна Македонија во Мелбурн, Канбера, Чикаго, Њујорк, Детроит, Торонто, Берлин, (вклучително и Конзуларното одделение во Бон), Минхен, Стокхолм, Копенхаген, Хаг, Брисел, Лондон, Париз, Берн, Рим, Венеција, Виена, Љубљана.

3. Се задолжува Министерството за внатрешни работи благовремено да ги отстрани сите евентуални технички дефекти кои би се појавиле кај мобилните

станици при реализацијата на Акциониот план за периодот 1 јануари – 31 декември 2021 година, за прием на барања и издавање на пасоши преку дипломатско – конзуларните претставништва на Република Северна Македонија во Мелбурн, Канбера, Чикаго, Њујорк, Детроит, Торонто, Берлин, (вклучително и Конзуларното одделение во Бон), Минхен, Стокхолм, Копенхаген, Хаг, Брисел, Лондон, Париз, Берн, Рим, Венеција, Виена, Љубљана.

4. Се задолжува Министерството за надворешни работи за имплементацијата на Акциониот план за периодот 1 јануари – 31 декември 2021 година, за прием на барања и издавање на пасоши преку дипломатско – конзуларните претставништва на Република Северна Македонија во Мелбурн, Канбера, Чикаго, Њујорк, Детроит, Торонто, Берлин, (вклучително и Конзуларното одделение во Бон), Минхен, Стокхолм, Копенхаген, Хаг, Брисел, Лондон, Париз, Берн, Рим, Венеција, Виена, Љубљана, да достави информација до Владата до крајот на декември 2021 година.
Истовремено, да се има предвид Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 28**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за воведување на рестриктивна мерка согласно Одлуката (ЗНБП) 2020/1586 на Советот од 29 октомври 2020 година за изменување на Одлуката 2010/573/ЗНБП за рестриктивни мерки против водството на Транснистрискиот регион во Република Молдавија, во предложениот текст.

Истовремено, предлагачот да го има предвид Мислењето од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија .

**Точка 29**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерството за внатрешни работи, во предложениот текст.

Истовремено, да се има предвид Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 30**

Владата ја разгледа Информацијата за укинување на Решението за давање на одобрение за одгледување на коноп за медицински цели на Друштво за производство, трговија и услуги 5 ЛЕТЕРС ДОО Ресен, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на коноп за медицински цели на Друштво за производство, трговија и услуги 5 ЛЕТЕРС ДОО Ресен, во предложениот текст.

## Точка 31

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

## Точка 32

Владата го донесе Решението за изменување на Решението за назначување на претседател, членови и заменици членови на Националното координативно тело за заштита на децата од злоупотреба и занемарување (нов текст), во предложениот текст.

## Точка 33

Владата го донесе новиот текст на Решението за назначување на претседавач, членови и заменици членови на Националното координативно тело за имплементација на Конвенцијата на Обединетите нации за правата на лицата со попреченост во Република Северна Македонија, во предложениот текст.

## Точка 34

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со номинирање на Национална контакт точка и задачи и активности кои треба да се преземат за имплементација на Регионалната иницијатива за Интеграција на Роми 2020 и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се назначува Елвис Мемети, советник за инклузија на Роми на претседателот на Владата на Република Северна Македонија за Национална контакт точка за Ромите во Република Северна Македонија за имплементација на активностите од Меѓународната иницијатива за Интеграција на Роми 2020.

2. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика да назначи заменик на Националната контакт точка за Ромите во Република Северна Македонија за имплементација на активностите од Меѓународната иницијатива за Интеграција на Роми 2020 до крајот на февруари 2021 година.

3. Се задолжува Елвис Мемети, советник за инклузија на Роми на претседателот на Владата на Република Северна Македонија еднаш годишно најдоцна до 15 декември, да ја информира Владата за реализираните активности во рамките на Меѓународната иницијатива за Интеграција на Роми 2020.

## Точка 35

Владата го разгледа Предлогот на закон за дополнување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и утврди позитивно мислење по Законот.

## Точка 36

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за личната карта, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следново мислење:

Во однос на членот 1 од Предлог законот, каде се врши интервенција на членот 5 од Законот за личната карта, каде во ставот 2 по зборовите „државјанство", се додаваат зборовите „етничка припадност", се укажува на следните аспекти:

Согласно Законот за личната карта („Службен весник на Република Македонија" бр.8/95, 38/02, 16/04, 12/05, 19/07, 10/10, 51/11, 13/12, 166/12, 154/15 и 55/16) личната карта е јавна исправа со која се докажува идентитетот, државјанството на Република Северна Македонија, живеалиштето и адресата на граѓанинот на Република Северна Македонија. Идентитетот како поим се однесува на податоци на лицето кои го определуваат единствено тоа лице и се однесува на името, презимето, денот, месецот и годината на раѓање на лицето и на матичниот број, како податоци за идентификација кога истото се легитимира пред институции, органи и слично.

Поимот државјанство, објаснува дека лицето не е странец и ја означува правната врска меѓу лицето и државата, а поимот на адреса на живеење означува каде лицето е пријавено заради остварување на комуникација со него од страна на институциите, органите и слично.

Сите податоци содржани во личната карта, како личното име, датумот и местото на раѓањето, државјанството, живеалиштето и адресата на станот, органот на издавање и важноста на документот се податоци за кои законски е предвидена надлежноста на одредени органи за создавање, водење и чување на овие податоци. Во таа насока изворникот за податоците за личното име, датумот и местото на раѓањето е матичната книга на родените за чие водење надлежно е Министерството за правда - Управата за водење на матичните книги.

За водење на евиденцијата за државјанството на Република Северна Македонија, како и за живеалиштето и адресата на граѓаните надлежно е Министерството за внатрешни работи.

Веродостојноста на сите наведени податоци содржани во личната карта, при издавање на истата, Министерството за внатрешни работи може да ги провери од воспоставените евиденции кои се водат и ажурираат врз основа на претходно спроведени управни постапки.

Спротивно на наведеното, во Република Северна Македонија не е предвидена постапка за утврдување на националноста односно етничката припадност на граѓаните, пред се заради фактот дека станува збор за лично чувство за припадност на одредена заедница на граѓанинот, ниту има посебна евиденција која е во надлежност на одредена институција од каде би можело да се добие наведениот податок. Ова особено треба да се има предвид во корелација со фактот дека личната карта согласно Законот за личната карта за првпат задолжително се издава на 18 годишна возраст и нема претходен документ или евиденција во која е содржан податокот за националност. Личната карта е јавна исправа со која се докажува идентитетот, државјанството и адресата на живеење.

Во смисла на наведеното, изјаснувањето за етничката национална припадност е лично право и определба на индивидуата и истото не би требало да се истакнува во јавна исправа како што е личната карта, од причина што на индивидуата како субјект никој не може да и забрани да се изјасни по етничка или национална припадност било каде и било кога.

Компаративната анализа исто така покажува дека во регионот не е познат ваков пример, а како земји ги посочуваме сите држави од поранешна Југославија меѓу кои и земји членки на Европската Унија, други европски држави како Германија и слично.

Воедно, во предметниот материјал, освен причината дека припадниците на етничките заедници согласно Уставот имаат право да ја искажат својата етничка припадност не е наведен ниту еден дополнителен елемент поради што се бара и ваквата измена на Законот односно не постои ниту еден дополнителен аргумент за тоа кој би допринел за оправданоста на измената.

Дополнително, треба да се имаат предвид и одредбите од Законот за заштита на личните податоци* („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20), во смисла дека не треба да се прибираат и чуваат податоци кои не се релевантни за одредена постапка.

Исто така, задолжително треба да се има предвид воспоставениот процес на издавање на лични документи во Министерството за внатрешни работи кој е тесно поврзан со договор за соработка со надворешен економски оператор.

Во таа смисла во Министерството за внатрешни работи веќе е во завршна фаза усогласувањето на законите и процесите кои се однесуваат на издавање на личните документи од надлежност на Министерството (меѓу кои и личната карта) со уставните измени (промена на името на државата) и со Законот за употреба на јазиците („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.7/19). Во однос на овој процес веќе е потпишан договор со економскиот оператор за измена на обрасците во наведената насока и предвидена е неопходната количина на обрасци за одреден период. Секоја промена во насока на дополнителна измена на било кој образец ќе предизвика значителни фискални импликации.

Во однос на образложението дека податокот „етничка припадност“ треба да е содржан во образецот на личната карта заради право граѓаните да ја искажат својата етничка припадност, се укажува дека истото е инкорпорирано во постоечките материјални закони, но и во Законот за употреба на јазиците.

Имено, граѓаните и досега имаа можност на сопствено барање да добијат лична карта во која личното име ќе биде испечатено на јазикот на неговата националност, а дополнително новите лични карти ќе се издаваат и на образец печатен покрај на македонски и на јазикот на националноста на граѓанинот.

Согласно горенаведеното, се укажува дека и досегашниот образец на лична карта содржи голем број на податоци и дека при реализација на проектот „електронска лична карта“ ќе треба да се оцени можноста дел од податоците да бидат содржани во чипот, како на пример адресата и матичниот број, а не истата да биде обременета со дополнителни податоци.

Во однос на предложените измени со кои се врши усогласување на одредбите од Законот за личната карта со Уставните Амандмани XXXIV, XXXV, XXXVI и XXXVII („Службен весник на Република Македонија“ бр.6/19) и со Законот за прекршоците („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19), се укажува дека истите се содржани во Предлогот на закон за изменување на Законот за личната карта, кој во моментов е во собраниска постапка (членови 2, 3, 4 и 6 од предложениот закон).

Согласно наведеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да не го донесе Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за личната карта, по скратена постапка.

**Точка 37**

Владата го разгледа Извештајот за работата на Регулаторната комисија за домување за период од 1 јули до 31 декември 2020 година и притоа го утврди следното мислење

Презентираните финансиски показатели во Извештајот за работата на Регулаторната комисија за домување за период од 1 јули до 31 декември 2020 година не се во согласност со трезорската евиденција (во делот на одобрени средства за плати и надоместоци) и се укажува на потребата од ревидирање и усогласување на истиот со трезорската евиденција.

**Точка 38**

Владата го симна од Дневниот ред Решението на Уставен суд на Република Северна Македонија У.бр.123/2019 од 14 октомври 2020 година за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 62-а став 5 алинеја 4 од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/2008, 53/2011, 123/2012,

70/2013, 164/2013, 138/2014, 192/2015, 39/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/2019), со оглед дека Уставниот суд донел Одлука со која се укинува член 62-а став 5 алинеја 4 од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија“ бр.140/2008, 53/2011, 123/2012, 70/2013, 164/2013, 138/2014, 192/2015, 39/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/2019 и 161/2019).

## Точка 39

Владата по Понудата од нотар Елизабета Стојаноска од Прилеп за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.15528 за КО Прилеп, на КП бр.12520, ул. Маршал Тито бр.1, го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 40

Владата ја разгледа Понудата од нотар Олга Димовска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.12602 за КО Нерези-вонград за КП бр.3193 на м.в.Бабин Дол, ЗЗ, ЛЗ, класа 6 во површина од 1515м2 и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## Точка 41

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ана Јолакоска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.2566 за КО Јурумлери на КП бр.153/9 со површина од 61 м2,КП бр.153/9 со површина од 32 м2 и КП бр.153/9 со површина од 238 м2 и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното мислење на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 42

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ана Јолакоска од Скопје за продажба на идеален дел од недвижен имот со Имотен лист бр.2567 за КО Јурумлери на КП бр.153/10 со површина од 268 м2, КП бр.153/10 со површина од 85 м2 и КП бр.153/10 со површина од 20 м2 и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 43

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ана Јолакоска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.2570 за КО Јурумлери на КП бр.153/14 со површина од 116 м2, КП бр.153/14 со површина од 31 м2 и КП бр.153/14 со површина од 293 м2 и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 44**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ана Јолакоска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.2569 за КО Јурумлери на КП бр.153/13 со површина од 267 м2, КП бр.153/13 со површина од 101 м2 и КП бр.153/13 со површина од 39 м2 и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење од Министерството за транспорт и врски.

**Точка 45**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Пане Нацев од Кавадарци за продажба на недвижен имот евидентиран во Имотен лист бр. 4822, идеален дел од КП бр. 5076, КО Кавадарци Вонград и по Понудата го усвои Известувањето од Министерство за транспорт и врски.

**Точка 46**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Сашо Клисароски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.48265 за КО Бардовци на КП бр.2018 место/улица Долни Шамак и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 47**

Владата го разгледа Известувањето од извршител Снежана Андреевска од Скопје, за Налог за извршување врз недвижност, доставен под И.бр.19/20 од 14.1.2020 година и по истото ги усвои Известувањето од Министерството за транспорт и врски, како и негативното Мислење од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 48**

1. Владата ја констатира оставката на Авни Саљији од должноста член на Надзорниот одбор на АД за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост – Скопје.

2. Владата го избра Исмаил Исмаили за член на Надзорниот одбор на АД за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост – Скопје.

3. Владата го избра Џемаиљ Јусуфи за член на Надзорниот одбор на АД за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија во државна сопственост, Скопје.

4. Владата заклучи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави Јавен оглас во три дневни весници, кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден се издава на

јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, за именување на заменик на директорот на Управата за јавни приходи, орган во состав на Министерството за финансии.

5. Владата заклучи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас во три дневни весници, кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, за именување на заменик на директорот на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.

6. Владата заклучи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас во три дневни весници, кои се објавуваат на целата територија на Република Северна Македонија, од кои во еден што се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик за именување на два члена на Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија. (На испразнетите позиции од Панче Орцев - престанок на функцијата поради стекнување на услови за остварување на старосна пензија и Куштрим Рамадани- избран за генерален директор во АД МЕПСО).

7. Владата ја разреши Надица Младеновска – Крцкоска од должноста член на Управниот одбор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, предложена од корисниците на технолошките индустриски развојни зони.

7.1. Владата ја именува Славјанка Стојановска, од Друштво за производство КОНДЕВО МК ДОО Штип за член на Управниот одбор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, предложен од корисниците на технолошките индустриски развојни зони.

8. Владата на Гордана Цветкоска и утврди престанок на функцијата државен правобранител во Државното правобранителство на Република Северна Македонија за подрачјето на Тетово, поради исполнување на услови за стекнување на старосна пензија заклучно со 29.4.2021 година.

9. Владата донесе Одлука за распишување Оглас за именување државен правобранител во Државното правобранителство на Република Северна Македонија за подрчјето на Тетово.

10. Владата ја именува Љиндита Ќазими за член на Управниот одбор на ЈУ Центар за образование на возрасните од редот на стручните работници вработени во Центарот.

11. Владата на Владимир Вански му утврди престанок на мандатот член на Управниот одбор -претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за хирургија на лице, вилици и врат - максилофацијална хирургија – „Академик Илија Васков“, на негово барање.

11.1. Владата го именува Фадил Мехмети за член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за хирургија на лице, вилици и врат - максилофацијална хирургија – „Академик Илија Васков“.

12. Владата го разреши Ресми Ејупи од должноста член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Гостивар, на негово барање.

12.1. Владата го именува Берат Изаири за член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Гостивар.

13. Владата ја разреши Тања Доневска од должноста член на Училишниот одбор – претставник на основачот на Државното средно училиште за образование и рехабилитација „Искра“ Штип.

13.1. Владата ја именува Тања Неткова за член на Училишниот одбор – претставник на основачот на Државното средно училиште за образование и рехабилитација „Искра“ Штип.

14. Владата на Трајче Нешковски му утврди престанок на мандатот член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за нефрологија – Скопје, поради смрт.

14.1. Владата го именува д-р Стојан Давидовски за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за нефрологија – Скопје.

15. Владата го разреши Фарук Невзади од должноста член на Управниот одбор на ЈП за стопанисување со државните шуми „Национални шуми”-П.О. Скопје.

15.1. Владата го именува Аднан Ејуп за член на Управниот одбор на ЈП за стопанисување со државните шуми „Национални шуми”-П.О. Скопје.

16. Владата го разреши Зоран Зафировски од должноста член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Кочани, на негово барање.

16.1. Владата го именува Зоранчо Зафиров за член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Кочани.

17. Владата на Митко Крстевски, директор на Служба за просторен информативен систем му утврди право на надоместок на трошоци за одвоен живот од семејството во висина од 30% од просечната месечна нето плата исплатена во Република Северна Македонија во претходните три месеци, сметано од 10.11.2020 година

18. Владата ја разреши Сеадет Јусуфи од должноста член на Советот за образование на возрасните - претставник од Центарот за стручно образование и обука, на нејзино барање.

18.1. Владата го именува Ридван Зеќири за член на Советот за образование на возрасните претставник од Центарот за стручно образование и обука.

19. Владата даде согласност на Одлуката на Советот на ЈНУ Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков" Скопје бр.02-300/1 од 26.11.2020 година, со која за директор на Институтот е избрана д-р Елена Јованова – Грујовска, научен советник.

20. Владата на проф. д-р Живорад Томевски му утврди престанок на мандатот член на Советот на ЈНУ Хидробиолошки Завод – Охрид, на негово барање.

20.1. Владата ја определи проф. д-р Лидија Симонческа за претставник на Советот на ЈНУ Хидробиолошки Завод – Охрид.

21. Владата го разреши Бојан Лазаревски од должноста вршител на должност директор на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија.

21.1 Владата го именува Бојан Лазаревски за директор на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија, со мандат од две години и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

22. Владата го разреши Еран Куртиш од должноста вршител на должност директор на Агенцијата за остварување на правата на заедниците.

22.1. Владата го именува Еран Куртиш за директор на Агенцијата за остварување на правата на заедниците, со мандат од четири години и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

23. Владата го разреши Ивица Тодоровски од должноста директор на Управа за хидрометеоролошки работи, орган во состав на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, на негово барање.

23.1. Владата го именува Костадин Ацевски за директор на Управа за хидрометеоролошки работи, орган во состав на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

24. Владата заклучи да му препорача на Управниот одбор на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје, да го избере Ќерим Халили за вршител на должност заменик на директорот.

25. Владата заклучи да му препорача на Управниот одбор на Јавното претпријатие Стрежево – Битола, да го избере Лутфи Амети за вршител на должност заменик на директорот.

26. Владата ја разреши Хикмете Селмани од должноста претседател на Управниот одбор на Државниот испитен центар.

26.1. Владата ја именува Аријета Џемаили за претседател на Управниот одбор на Државниот испитен центар.

27. Владата го именува Живко Спасески за член на Управниот одбор на Агенцијата за планирање на просторот, претставник од Министерството за транспорт и врски.

28. Владата за членови на Училишниот одбор – претставници на основачот на Државното средно училиште - Регионален центар за стручно образование и обука „Ванчо Питошески“ Охрид ги именува:

- Жарко Лазарески
- Пере Ристески и
- Анета Ситникоска

29. Владата за членови на Училишниот одбор - претставници на основачот на Математичко - Информатичка Гимназија ги именува:

- Драган Арсовски и
- Марина Пешовска

30. Владата го разреши Ристо Чулаковски од должноста член на Управниот одбор - претставник на основачот на Државниот студентски Дом „Кочо Рацин“- Битола.

31. Владата го разреши Фатмир Идризи од должноста заменик на директорот во Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи.

**Точка 49**

**1.** По повод укажувањето на д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика, а во врска со потребата од меѓусебно усогласување на одредбите од Законот за вработување и работа на странци и Законот за странци во делот на работа на странски државјани на територија на Република Северна Македонија, Владата формира интерресорска работна група составена од претставници од Министерството за труд и социјална политика, Министерството за внатрешни работи, Кабинетот на заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Секретаријатот за европски прашања, Државниот инспекторат за труд, Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија

и Советот на странски инвеститори при Стопанската комора на Република Северна Македонија, со која да претседава заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции.

Горенаведените институции, номинациите на претставници во интерресорската работна група да ги достават до Министерството за труд и социјална политика најдоцна до 12 февруари (петок) 2021 година.

На предлог на интерресорската работна група усогласените предлог – законски решенија надлежните министерства да ги достават до Владата најдоцна до 3 март 2021 година.

**2.** Владата на предлог на д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, а во врска со Планот за преземање на нераспределените административни службеници од Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, вработени преку К5 програмата, заклучи да ги задолжи органите на државна управа, односно да им укаже на институциите кои немаат статус на орган на државна управа платите за преземените административни службеници преку К5 програмата да ги исплатуваат од сопствениот буџет за тековната година.

Истовремено, се задолжува Министерството за финансии со првиот ребаланс на Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година да изврши усогласување и предвиди дополнителни средства за плати во соодветните буџетски корисници кои превземале административни службеници согласно Планот.

**3.** Владата го разгледа Барањето за заштита на странска инвестиција НЈСК Холдингс ДООЕЛ Скопје и групацијата PHCANN International BV, како материјал за информирање.

**4.** Владата заклучи:

- Се задолжува Министерството за транспорт и врски да ја измени Годишната програма за изградба, продажба и одржување на станбениот простор во сопственост на Република Северна Македонија за 2021 година, во координација со Министерството за одбрана во насока на усогласување на катастарските парцели предвидени за градба, односно парцелата ГП 1.1. Блок Б1 од ДУП за северен дел од касарната „Илинден“.

**5.** Владата заклучи, заклучокот од точка 74 од Нацрт - записникот од Дваесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 24 ноември 2020 година, кој гласи: „Истовремено, Владата заклучи сите државни институции и општини кои реализираат капитални инвестиции поголеми од 1.000.000,00 евра во денарска противвредност да не ја ангажираат шпанската фирма EPTISA од причини што истата неетички, незаконски и несоодветно

постапила како надзор во поглед на првата фаза од изградбата на железничката пруга Куманово - Бељаковце“, да се поништи.

**6.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради заштита од илегална миграција и заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за Коронавирусот КОВИД-19 и спречување од негово ширење и заради висок ризик и зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија за период од 28 јануари 2021 година до 3 февруари 2021 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

**7.** Владата по Известувањето доставено од Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД-Скопје заклучи да се измени Заклучокот број 1 од точка 27, од Четириесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 26 јануари 2021 година и истиот да гласи:

„1. Се укажува на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД-Скопје во соработка со Министерството за транспорт и врски да подготви Акциски план за бизнис сегментација на Компанијата со конкретни активности и рокови и да го достави до Владата на Република Северна Македонија, до 30.4.2021 година.”.

**8.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за превземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на територија на Република Северна Македонија, заради заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација од заразната болест КОВИД-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2 и заради спречување од негово ширење во зголемен обем со што се загрозува безбедноста на здравјето на населението за период од 30 јануари 2021 година до 5 февруари 2021 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

**9.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето на Министерството за финансии во врска со постапување по активности и заклучоци од седниците на Владата.

**10.** Владата на предлог на Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, заклучи:

- Се задолжува Мухамед Зеќири, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија, да ги потпише договорите со правната консултантска куќа Прајс Вотер Хаус Купер како најповолна понуда за ангажман за правен консултант заради евентуално склучување на договори за Проектот за изградба на терминалот

за течен природен гас Александрополис и за Проектот за изградба на комбинирана когенеративна гасна електрана за производство на електрична енергија.

**11.** Владата ја симна од Дневен ред Информацијата за барање финансиски средства за вработување и пополнување со вработувања во новиот сектор 112 во Центарот за управување со кризи, по Точка 5 од Извадокот од Нацрт – записникот од Четириесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 2 февруари 2021 година.

Истовремено, Владата заклучи Центарот за управување со кризи Информацијата да ја достави до Министерството за одбрана.

**12.** Владата ја разгледа Иницијативата за измени и дополнувања на Законот за одликувања и признанија на Република Македонија од Кабинет на Претседателот на Република Северна Македонија и ја прифати со заклучок Министерството за правда, во соработка со други соодветни институции да подготви и во рок од 60 дена до Владата да достави предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за одликувања и признанија на Република Македонија.

**<u>Точка 50</u>**

Владата го разгледа Извештајот за работата на ЈП ХС Злетовица-Пробиштип за периодот од 1 октомври 2020 година до 31 декември 2020 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да преземе мерки и активности за надминување (покривање) на загубата, подмирување на обврските и наплата на побарувањата кои се настанати во изминатиот период, согласно Мислењето на Министерството за животна средина и просторно планирање.

**<u>Точка 51</u>**

Владата ја разгледа Програмата за работа за период јануари – декември 2021 година на АД „Пошта на Северна Македонија“ – Скопје и Програма за инвестициони вложувања на АД „Пошта на Северна Македонија“ - Скопје во 2021 година, со дополнување, како материјал за информирање.

**<u>Точка 52</u>**

Владата го разгледа Известувањето на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД - Скопје за искористени нафта и нафтени деривати отстапени од Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати за ноември 2020 година, како материјал за информирање.

Точка 53

Владата ја разгледа Информацијата за вкупниот одземен (конфискуван) имот, имотна корист и одземени предмети со кој управува Агенцијата за управување со одземен имот за периодот од 1 јули 2020 година до 31 декември 2020 година, како материјал за информирање.

Истовремено, предлагачот да го има предвид Мислењето од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

Точка 54

Владата го разгледа Извештајот за тековниот статус на активностите на Агенцијата за квалитет и акредитација на здравствените установи и тековен статус на процесот на акредитација на здравствените установи во Република Северна Македонија за јули-декември 2020 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи да се има предвид Мислењето на Министерството за финансии - сите идни активности да се реализираат во рамки на одобрениот буџет на Агенцијата за оваа намена.

Точка 55

Владата го разгледа Извештајот за дејноста на Институтот за духовно и културно наследство на Албанците - Скопје за 2020 година, како материјал за информирање.

Истовремено, предлагачот да го има предвид Мислењето од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија .

Точка 56

Владата ги разгледа Програмата за работа на Државниот испитен центар за 2021 година и Финансискиот план за реализација на активностите во Програмата за работа на Државниот испитен центар за 2021 година, како материјал за информирање.

Точка 57

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за учеството на Република Северна Македонија во НАТО операцијата -„КФОР“ во Република Косово, како материјал за информирање.

Исто така предлагачот да го има предвид Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 58

Владата ја разгледа Информацијата за примена на Законот за правда за децата во постапувањето на овластените службени лица на Министерството за внатрешни работи во периодот од 1 јануари 2020 година до 30 јуни 2020 година, како материјал за информирање.

## Точка 59

Владата ја разгледа Информацијата за повеќегодишно плаќање на јавна набавка на работи, за замена на времените објекти од амбулантско - поликлиничка дејност на Здравствен дом Скопје и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во Програмата 1А, опфатени со сопствени и буџетски средства во 2021 и 2022 година на Министерството за здравство за набавка на работи, за замена на времените објекти од амбулантско-поликлиничка дејност на Здравствен дом Скопје 180.000.000,00 денари без вклучен ДДВ, односно 212.400.000,00 со вклучен ДДВ (18%), со следната динамика на плаќање:

- 2021 година --- 118.000.000,00 денари
- 2022 година --- 94.400.000,00 денари.

2. Се задолжува Министерството за здравство потребните средства да ги предвиди во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветните фискални години.

## Точка 60

Владата ја разгледа Информацијата за потребата за обезбедување на простор на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (нов текст), ја усвои Информацијата и ја задолжи Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, а се укажува на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје и Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост во соработка со Комисијата за спречување и заштита од дискриминација да изнајдат простор-канцеларии за Комисијата и истиот да се додели на трајно користење на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, најдоцна до 26.2.2021 година.

## Точка 61

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за доделување на средства на ЈУ Ученички дом на Град Скопје „Здравко Цветковски“ Скопје и ја донесе Одлуката за доделување на средства на ЈУ Ученички дом на Град Скопје „Здравко Цветковски“ Скопје со заклучок истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 62

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Општинскиот ученички дом „Боро Менков“ Крива Паланка, со заклучок да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 63

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за доделување на средства на Ученичкиот дом при СМУГС „Д-р Панче Караѓозов“ Скопје и ја донесе Одлуката за доделување на средства на Ученичкиот дом при СМУГС „Д-р Панче Караѓозов“ Скопје, со заклучок, текстот на Одлуката да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 64

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Ученичкиот дом „Браќа Миладиновци“ Струга, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 65

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за доделување на средства на Ученичкиот дом при СОУ „Кочо Рацин“ Свети Николе и ја донесе Одлуката за доделување на средства на Ученичкиот дом при СОУ „Кочо Рацин“ Свети Николе со заклучок истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 66

Владата ја разгледа Предлог- одлуката за доделување на средства на Ученичкиот дом при ДУЦОР „Партенија Зографски“ Скопје и ја донесе Одлуката со заклучок истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство

## Точка 67

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Пелагонија“ Скопје и ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Пелагонија“ Скопје, со заклучок истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 68

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Томе Стефановски Сениќ", Скопје, со заклучок текстот на Одлуката да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 69**

Владата ја разгледа Информацијата за правосилност на пресуда на Европскиот суд за човекови права во случајот Јаневски против Северна Македонија А.бр. 30259/15, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, во предложениот текст.

Средствата во износ од 1.720 евра во денарска противвредност, Министерството за финансии да ги префрли на трансакциска сметка на правниот застапник на апликантот - адвокат Тодор Димов, најдоцна до 17 февруари 2021 година.

**Точка 70**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Никола Карев" Охрид и ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Никола Карев" Охрид, со заклучок истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 71**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Ученичкиот дом при СОУ „Митко Пенџуклиски" Кратово, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 72**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за доделување на средства на Ученичкиот дом при ДУРДМОВ „Димитар Влахов" Скопје и ја донесе Одлуката за доделување на средства на Ученичкиот дом при ДУРДМОВ „Димитар Влахов" Скопје со заклучок истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 73**

Владата ја разгледа Предлог- одлуката за доделување на средства на ЈУ Општински ученички дом „Професор Мијалковиќ" Куманово и ја донесе Одлуката со заклучок истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 74**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за доделување на средства на Општинскиот ученички дом „Бранко Станоевиќ“ Гостивар и ја донесе Одлуката за доделување на средства на Општинскиот ученички дом „Бранко Станоевиќ“ Гостивар, со заклучок истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 75**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Скопје“, Скопје, со заклучок текстот на Одлуката да се усогласи со Секретаријат за законодавство.

**Точка 76**

Владата ја разгледа Информацијата за вкупните неисплатени обврски за одобрени проекти по Годишниот конкурс за финансирање на проекти од национален интерес во културата за 2020 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за култура да не ги исплаќа финансиските средства на други корисници без да ја утврди законската основаност за истите.

2. Се задолжува Министерството за финансии преку Секторот за финансиска инспекција да даде приоритет за извршување контрола во Министерството за култура по однос на наводите во Информацијата за вкупните неисплатени обврски на Министерството за култура за проектите избрани на годишните конкурси за финансирање на проекти од национален интерес во културата за 2020 година.

3. Се задолжува Министерството за култура по извршените финансиски контроли да ја информира Владата на Република Северна Македонија за констатираните состојби и мерките преземени по наодите од тие контроли.

**Точка 77**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за доделување на средства на Ученичкиот дом при СОУУД „Димитар Влахов“ Струмица и ја донесе Одлуката за доделување на средства на Ученичкиот дом при СОУУД „Димитар Влахов“ Струмица, со заклучок, текстот на Одлуката да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 78**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за доделување на средства на Општинскиот ученички дом „Лазар Лазаревски“ Велес и ја донесе Одлуката за доделување на средства на Општинскиот ученички дом „Лазар Лазаревски“ Велес, со заклучок истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 79

Владата ја разгледа Информацијата за можностите и условите за спогодбено решавање на предмет пред Европскиот суд за човекови права Радика превози ДОО Љубљана против Република Северна Македонија, А.бр.52003/18 и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува Владиниот агент во постапката пред Европскиот суд за човекови права да ја изрази подготвеноста на Владата на Република Северна Македонија за пријателско решавање на предметот Радика превози ДОО Љубљана против Република Северна Македонија, А.бр.52003/18.

2. Се овластува Владиниот агент на Република Северна Македонија во постапката пред Европскиот суд за човекови права, за целите на спогодбено решавање на предметот да прифати дека државата на компанијата-апликант ќе ѝ исплати износ од 2.800 EUR (две илјади и осумстотини евра) во денарска противвредност.

3. Се овластува Владиниот агент на Република Северна Македонија, во случај компанијата-апликант во предметот пред Европскиот суд за човекови права, Радика превози ДОО Љубљана против Република Северна Македонија, А.бр.52003/18, да не ја прифати понудата за спогодбено решавање на предметот, да изрази еднострана декларација, да ја признае повредата на Европската конвенција за човекови права и за целите на конечно решавање на предметот пред Европскиот суд за човекови права на компанијата-апликант да ѝ понуди износ кој е за 10% понизок од износот понуден од страна на Европскиот суд за човекови права за целите на спогодбено решавање на предметот.

## Точка 80

Владата ја разгледа Предлог- одлуката за доделување на средства на Ученичкиот дом при СОУ „Св.Наум Охридски“ Македонски Брод и ја донесе Одлуката со заклучок истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 81

Владата ја разгледа Информацијата во врска со склучување на Меморандум за разбирање меѓу Владата на Република Србија, Советот на министри на Република Албанија и Владата на Република Северна Македонија за соработка за подобрување на увозот и транзитот на стоки и Договор за соработка за заштита и спасување од катастрофи во Западен Балкан, со текст на Меморандум и текст на Договор и притоа заклучи:

1. Ја усвои Информацијата во врска со склучување на Меморандум за разбирање меѓу Владата на Република Србија, Советот на министри на Република Албанија и Владата на Република Северна Македонија за соработка за подобрување на увозот и транзитот на стоки и Договор за соработка за заштита и спасување од катастрофи во Западен Балкан, со заклучок истата да се дополни во

насока дека претседателот на Владата на Република Северна Македонија ќе ги потпише Меморандумот за разбирање меѓу Владата на Република Србија, Советот на министри на Република Албанија и Владата на Република Северна Македонија за соработка за подобрување на увозот и транзитот на стоки и Договорот за соработка за заштита и спасување од катастрофи во Западен Балкан.

2. Го прифати текстот на Меморандумот за разбирање меѓу Владата на Република Србија, советот на министри на Република Албанија и Владата на Република Северна Македонија за соработка за подобрување на увозот и транзитот на стоки.

3. Го прифати текстот на Договорот за соработка за заштита и спасување од катастрофи во Западен Балкан.

## Точка 82

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Ученичкиот дом при ДСУОР „Искра“ Штип, со заклучок текстот на Одлуката да се усогласи со Секретаријат за законодавство.

## Точка 83

Владата ја разгледа Информацијата за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Северна Македонија, заради подготовка за изведување на вежбовна активност „Одлучен удар 21“, со Предлог-одлука и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Северна Македонија, за учество на обука, со заклучок, текстот на одлуката да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2. Го одреди Армискиот полигон Криволак за национална одредишна точка за царина.

3. Се задолжуваат Министерството за надворешни работи, Министерството за внатрешни работи, Министерството за транспорт и врски, Министерство за финансии – Царинска управа, а им се укажува на Националниот координативен центар за гранично управување, Јавното претпријатие за државни патишта и Агенцијата за цивилно воздухопловство, во координација со Министерството за одбрана, да преземат мерки за непречено преминување на државната граница, движењето и транспортот со повеќе од 200 различни воени и цивилни моторни возила и материјални средства, опрема, вооружување и муниција на вооружените сили на Соединетите Американски Држави на територијата на Република Северна Македонија.

4. Се задолжуваат Министерството за надворешни работи, Министерството за внатрешни работи, Министерството за транспорт и врски, Министерството за

финансии - Царинска управа, а им се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта, Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта-Скопје ц.о, Агенцијата за цивилно воздухопловство и Националниот координативен центар за гранично управување, да одредат по едно лице, за координација со лицето задолжено од Армијата на Република Северна Македонија, во врска со активностите за подготовките за изведување на вежбата и за истото да го известат Министерството за одбрана во рок од три дена.

Истовремено, предлагачот да го има предвид Мислењето на Министерството за финансии - Царинска управа .

## Точка 84

Владата ја разгледа Информацијата за Националната програма „2021 година во чест на Блаже Конески“, со Национална програма и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Ја прифати Националната програма „2021 - Година во чест на Блаже Конески”.

2. Се укажува на Народна банка на Република Северна Македонија во рок од пет дена до Владата да достави Предлог-одлука за изработка на пригодни ковани пари, по повод „2021 - Година во чест на Блаже Конески”.

3. Се задолжува Министерството за култура да ја координира реализацијата на Националната програма за одбележување на „2021 - Година во чест на Блаже Конески”.

4. Се задолжуваат Министерството за култура, Министерството за образование и наука и Министерството за надворешни работи да ги реализираат активностите содржани во Националната програма кои се од нивна надлежност во рамките на средствата предвидени за таа намена во буџетот на Министерството за култура, буџетот на Министерството за образование и наука и буџетот на Министерството за надворешни работи за 2021 година.

5. Се задолжува Агенцијата за млади и спорт, а им се укажува на Друштвото на писатели на Македонија, Друштвото на ликовни уметници на Македонија, Македонската академија на науките и уметностите, А.Д. Пошта на Северна Македонија, НУБ Свети Климент Охридски - Скопје, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Институтот за македонска литература, Филолошкиот факултет „Блаже Конески”, Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура – МСМЈЛК, НУМ „Струшки вечери на поезијата“ – Струга, Филхармонијата на Република Северна Македонија, Советот за македонски јазик, Институтот за македонски јазик, Фондацијата за македонски јазик „Небрегово“ и Македонски ПЕН центар, навремено и квалитетно да ги реализираат содржините наведени во Националната програма, согласно предвидената динамика и да ги финансираат во рамките на сопствените буџети.

Исто така, Владата заклучи во Националната програма „2021 - Година во чест на Блаже Конески“, во главата Изработка на златна монета со ликот на Блаже Конески да изостане делот во однос на дизајнот и описот на монетата.

## Точка 85

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот ученички дом „Мирка Гинова“ Битола, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 86

Владата по Информацијата од Боречката федерација на Република Северна Македонија во врска со организирање на Европско првенство во борење за сениори до 23 години во олимписки дисциплини формира работна група во состав Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, која во соработка со директорот и заменикот на директорот на Агенцијата за млади и спорт ќе ги разгледа финансиските можности за организација на овој настан, како и да го разгледа барањето на федерацијата од здравствен аспект и за наредната седница на Владата да достават соодветен предлог.

## Точка 87

Владата ја разгледа Информацијата за Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за начинот на распределба, дистрибуција и ревизија на искористеноста на дозволите за меѓународен превоз на стока, со Предлог- уредба, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за начинот на распределба, дистрибуција и ревизија на искористеноста на дозволите за меѓународен превоз на стока, во предложениот текст.

## Точка 88

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување на Меморандум за разбирање помеѓу Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за финансии и Мастеркард Европа АД (Mastercard Europe SA) за воспоставување услуга за дигитална идентификација во Република Северна Македонија и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација во рок од седум дена да дозволи пристап до Централен регистар на население за техничкиот партнер на Мастеркард Европа АД (Mastercard Europe SA) - компанијата Евротруст технолоџис ДООЕЛ Скопје и да ги преземе активностите согласно своите надлежности за воспоставување на пристап до

продукциската околина на Централен регистар на население и да ја поддржи ПР кампањата од Мастеркард Европа АД (Mastercard Europe SA) за воспоставување услуга за дигитална идентификација во координација со ПР тимот од Министерството за информатичко општество и администрација и Владата на Република Северна Македонија.

2. Се задолжуваат Министерството за финансии, Министерството за внатрешни работи и Управата за финансиско разузнавање, а и се укажува на Народна банка на Република Северна Македонија да ги проверат податоците на своите членови во работна група (прилог 1 во содржината на информацијата) за реализација и следење на имплементацијата на Меморандумот за разбирање помеѓу Министерствотото за информатичко општество и администрација, Министерството за финансии и Мастеркард Европа АД (Mastercard Europe SA) за воспоставување услуга за дигитална идентификација во Република Северна Македонија и во рок од 20 дена да ги потврдат членовите или достават нови номинации до Министерството за информатичко општество и администрација.

3. Им се укажува на Агенцијата за заштита на личните податоци и Агенцијата за електронски комуникации во рок од 15 дена да достават номинација на свои членови до Министерството за информатичко општество и администрација за учество во работна група за реализација и следење на имплементацијата на Меморандум за разбирање помеѓу Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за финансии и Мастеркард Европа АД (Mastercard Europe SA) за воспоставување услуга за дигитална идентификација во Република Северна Македонија.

4. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација во рок од 30 дена да ја прошири работната група со членови од Агенцијата за заштита на личните податоци и Агенцијата за електронски комуникации за реализација и следење на имплементацијата на Меморандумот за воспоставување услуга за дигитална идентификација во Република Северна Македонија.

*

* *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 16 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Мухамед Зеќири**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Зоран Заев**